Република Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

Одделение за култура

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО МЕМОРИЈАЛНИ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА**

Согласно членовите 5 и 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен – обележјата (Сл. весник на РМ бр.66/04, 89/08 и 152/15), Општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За доставување предлози за одбележување значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен – обележја.

I. Согласно одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен – обележјата (Сл. весник на РМ бр.66/04, 89/08 и 152/15), Општина Охрид подготвува Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен – обележја, за период од пет години.

II. Со цел, максимална транспарентност и вклучување на стручната јавност, Општина Охрид упатува Јавен повик до правните и физичките лица да достават конструктивни предлози за одбележување значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен – обележја.

III. Предлозите, задолжително, треба да содржат:

– податоци за настаните и личностите и објаснување за нивното значење;

– порака што треба да ја симболизира споменикот или спомен – обележјето;

– основни елементи за евентуалниот текст што би бил истакнат на споменикот или спомен – обележјето.

IV. Предлозите, најдоцна до 02.12.2025 година, треба да се доставуваат во писмена форма на следната адреса: Општина Охрид, ул.„Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид, со назнака: **За Јавниот повик за одбележување значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен – обележја.**

Општина Охрид

**Градоначалник,**

**Кирил Пецаков**